02-424/4
02.06 21

**НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА**
**RADIODIFUZIONI NACIONAL**
**NATIONAL BROADCASTING**

---

**Извештај за работењето на ЈП НРД во периодот од 01.07.2020 до 31.12.2020 година**

**Скопје, мај 2021 година**

## СОДРЖИНА

**Страна**

ВОВЕД ------------------------------------------------------------------------------------------- 3
I.ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.07-31.12.2020 ГОДИНА------------------------------------------------------------------------------ ------- 4
II.ПРИХОДИ------------------------------------------------------------------------------------- 4
III.РАСХОДИ ------------------------------------------------------------------------------------ 6
IV. НЕМАТЕРЈАЛНИ И МАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА--------------------------------- 10
V.СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА 31.12.2020 ГОДИНА------------ 11
VI.СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА НА 31.12.2020 ГОДИНА------------------------------------------------------------------- 11
VII.СОСТОЈБА НА ОБВРСКИТЕ НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА НА 31.12.2020 ГОДИНА------------------------------------------------------------------- 12
VIII. ЗАЛИХИ------------------------------------------------------------------------------- 13
IX . СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА НА 31.12.2020 ГОДИНА------------------------------------------------------------------ 13

# ВОВЕД

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е јавно претпријатие кое својата работа ја заснова на повеќе законски и подзаконски акти, стратегии, оперативни планови и развојни програми кои се однесуваат на различни сегменти од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и информатичко комуникациската технологија.

ЈП НРД-Скопје дејностите ги врши преку изградба, проектирање, развој, одржување и управување на електронски комуникациски мрежи и средства, наменети за вршење на пренос или емитување на програмите и програмските сервиси и тоа:

- четири радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ) - една радио мрежа на средни бранови (СБ)
- ТВ и радио дигитални мултиплекси
- мрежа на микробранови дигитални преносни врски и
- пристап до сателит (up-link) и/или пренос на програмските сервиси на МРТ преку Интернет, врз основа на изготвена студија во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

ЈП Национална радиодифузија-Скопје, е претпријатие кое е формирано со цел да ги исполнува јавните потреби на граѓаните, а при извршување на своите активности, да води сметка за ефикасно и економично располагање и користење на собраните средства.

Во составувањето на Финансиските извештаи, ЈП НРД Скопје ги применува усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување, односно Меѓународните сметководствени стандарди ( МСФИ / МСС ) и националната законска и подзаконска регулатива за даночни цели. Финансиските извештаи се изготвуваат врз пресметковна основа,(фактурирана реализација). Вкупните приходи во Билансот на успех се признаваат до степен на завршеност на услугите на денот на билансирањето. Цените на услугите се утврдени според Ценовникот за услуги кој е во сила.Материјалните трошоци ги опфаќаат сите трошоци настанати во однос на фактурираната реализација и кои се покриваат со приходите остварени во пресметковниот период во кој настануваат.

Општите услови на работење, општата законска регулатива и правила за работа, кои егзистираа на глобално ниво се применуваа и во работењето на ЈП НРД-Скопје во теркот на 2020 година.

## I. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.07 ДО 31.12.2020 ГОДИНА

| Опис | Финансиски план 2020г. (ревидиран) | Остварување 07-12.2020 | Индекс 3/2*100 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| А.ВКУПЕН ПРИХОД | 269.780.000 | 115.309.815 | 42,74 |
| Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ И РАСХОДИ | 229.313.000 | 88.080.619 | 38,41 |
| **ФИНАНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-** | **27.229.196** | **-** |

## II. ВКУПНИ ПРИХОДИ

Во периодот од 01.07 до 31.12.2020 година ЈП НРД-Скопје реализира **вкупни приходи** во висина од **115.309.815 денари**.

Во однос на Годишниот финансиски план за 2020 година, вкупните приходи бележат остварување од 42,74 проценти .

Вкупните приходи потекнуваат од различни извори, реализирани делумно како наплатени средства, но во дел се фактурирани, односно евидентно прикажани.

**Оперативните приходи** во анализираниот период се остварени во износ од **7.055.406 денари,** што е реализација од 46,29% во однос на планираните приходи за 2020 година. Истите учествуваат со 5,64 % во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од наемнини.

.Приходите од наемнини (7.055.406 денари), се реализираат по основ закупнина за користење на простор за сместување на опрема, од страна на: трговски радиодифузни друштва, интернет провајдери и други правни лица.

Ставката **останати приходи** има реализација во износ од **108.254.409 денари,** или остварување од 42,52 % во однос на вкупно планираните приходи .за оваа намена. Останатите приходи учествуваат со 93,88 % во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од:

- приходи од субвенции(МИОА) 107.250.000 денари
- останати приходи од работењето 384.963 денари

- приходи врз основа на камати од работењето 619.446 денари.

Приходите по основ субвенции од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност во анализираниот период се реализирани во износ од 107.250.000 денари, што е реализација од 42,72 % во однос на планираните приходи за 2020 година . Истите учествуваат со 93,01 % во вкупно остварените приходи.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА ВО ПЕРИОД ОД 01.07-31.12.2020 ГОДИНА**

| **Опис** | **Планирани приходи за 2020 г.** | **Остварени приходи 07-12/2020** | **Индекс 4/2*100** | **Структура** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | **15.240.000** | **7.055.406** | **46,29** | **5,64** |
| **74-ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА НЕПОВРЗАНИ ДРУШТВА** | **15.240.000** | **7.055.406** | **46,29** | **5,64** |
| 747-ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНИ | 15.240.000 | 7.055.406 | 46,29 | 5,64 |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **254.540.000** | **108.254.409** | **42,52** | **93,88** |
| 767-ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ, СУБВЕНЦИИ, ДОТАЦИИ И ДОНАЦИИ | 251.040.000 | 107.250.000 | 42,72 | 93,01 |
| 765-ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ИЗВОРИ | 2.000.000 | - | - | - |
| 769-0ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 100.000 | 384.963 | 384,96 | 0,31 |
| **77-ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **1.400.000** | **619.446** | **44,24** | **0,50** |
| 774-ПРИХОДИ ВРЗ ОСБНОВА НА КАМАТА ОД РАБОТЕЊЕТО | 1.400.000 | 619.446 | 44,24 | 0,50 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **269.780.000** | **115.309.815** | **42,74** | **100** |

## III. РАСХОДИ

Во функција на извршување на севкупните активности на ЈП НРД Скопје, во период од 01.07 до 31.12 2020 година, се остварени вкупни трошоци и расходи во износ од **88.080.619 денари**, што во однос на Годишниот финансиски план за 2020 година претставува остварување од 38,41 проценти.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ РАСХОДИ ПО ГРУПИ

| Група | Финансиски план 2020год. (ревидиран) | Реализација 07-12/2020 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 40-Трошоци за суровини, матерјал,енергија, резервни делови и ситен инвентар | 49.524.500 | 13.875.756 | 28,02 | 15,75 |
| 41-Трошоци за услуги од тековни потреби | 6.580.000 | 5.491.712 | 83.46 | 6,23 |
| 42-Плата и надоместоци од плата и останати трошоци на вработените | 82.937.000 | 31.915.240 | 38,48 | 36,23 |
| 43-Трошоци за амортизација | 42.661.000 | 22.787.359 | 52,41 | 25,87 |
| 44-Останати трошоци од работењето | 31.119.900 | 14.006.520 | 45,01 | 15,90 |
| 45-Вредносно усогласување на тековни и нетековни средства | 1.020.000 | - | - | - |
| 46-Останати расходи од работењето | 330.000 | 2.273 | 0,69 | 0,01 |
| 47-Финансиски расходи | 35.000 | 1.759 | 5,02 | 0,01 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **229.313.000** | **88.080.619** | **38,41** | **100** |

**Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови**, во период од 01.07. до 31.12.2020 година се остварени во вкупен износ од **13.875.756 денари,** што е реализација од 28,02 % во однос на финансискиот план за 2020 година.

Истите во вкупните расходи учествуваат 15,75 %, а се однесуваат на:

- трошоци за матерјали ( 343.269 денари )
- трошоци за енергија ( 13.266.545 денари )
- трошоци за резервни делови и матерјали( 117.883 денари )
- трошоци за ситен инвентар и автогуми ( 148.059 денари ) .

Во вкупно остварените трошоци за за суровини, материјали, енергија и резервни делови,најголемо учество имаат трошоците за енергија (95,61 %), се однесуваат на трошоци за гориво, електрична енергија и трошоци за затоплување на простор, кои се во функција на технолошкиот процес и одржувањето на системите.

**Трошоците за услуги од тековни потреби** бележат остварување во вкупен износ од 5.491.712 денари, што е реализација од 83,46 % во однос на финансискиот план за 2020 година.

Групата Трошоци за услуги од тековни потреби опфаќа 6,23 % од од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје, а се однесуват на :

- транспортни услуги( 46.020 денари )
- поштенски и телефонски услуги( 380.547денари )
- услуги на заштита и одржување( 3.366.419 денари )
- наем-лизинг( 1.315.289 денари )
- комунални услуги ( 305.524 денари)
- останати услуги (77.813 денари).

Во вкупно остварените трошоци за услуги од тековни потреби,најголемо учество имаат услугите на заштита и одржување ( 61,30 %), кои се однесуваат на трошоци за одржување на: компјутерска опрема, телефонска централа, софтверските пакети , веб страница, возилата на возниот ларк, поправки на инструменти и уреди, како и услугите за обезбедување на имот.

**Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци,** во период од 01.07. до 31.12.2020 година се реализирани во износ од 31.915.240 денари. Платите на вработените во анализираниот период, се пресметувани согласно Закон, Колективниот договор и нормативните акти на претпријатието.Трошоците за плата во вкупните расходи учествуваат 36,23 %.По основ трошоци за плати, надоместоци од плата и останати трошоци пресметани се следниве трошоци: плата и надоместоци од плата-бруто (31.846.568 денари) и останати трошоци за вработените ( 68.672 денари ) .

Вкупно остварените трошоци за плати и надоместоци од плата се однесуваат на: бруто плати- основна плата, даноци, придонеси ,минат труд, празнична работа,ноќна работа,годишен одмор, боледување, платено отсуство, отпремнини и други лични примања. Овие трошоци учествуваат со 36,23 % во вкупноте расходи на ЈП НРД.

**Трошоците за амортизација** во анализираниот период изнесуваат **22.787.359 денари,** што во однос на Годишниот финансиски план за 2020 година претставува остварување од проценти .

Пресметаната амортизација на средствата со кои располага ЈП НРД. во

вкупните расходи учествува со 52,41 %. Најголемиот дел на активната опрема на која се пресметува амортизација е ново набавената ДВБ-Т опрема, набавена со средства од Буџетот на РМ, а исто така се пресметува амортизација на опрема и возила, набавени со сопствени средства.

**Останатите трошоци од работењето** опфаќаат 15,90 % од од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје, истите во период од 01.07. до 31.12.2020 година се реализирани во вкупен износ од **14.006.520 денари,** што е реализација од 45,01% од финансискиот план за 2020 година.

Во оваа група на расходи се опфатени трошоците за :

- дневници за службени патувања во земјата ( 188.279 денари )
- надомести на органи на управување и надзор ( 573.326 денари )
- трошоци за репрезентација (118.042 денари )
- трошоци за осигурување ( 63.538 денари )
- банкарски услугии трошоци на платен промет( 56.552 денари )
- даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки ( 188.226 денари )
- Останатии расходи ( 12.818.557 денари ) .

Во групата останати трошоци од работењето најголемо учество имаат остварените трошоци за останати расходи,кои учествуваат со 91,52 %.,кои се однесуваат на трошоци : адвокатски и нотарски услуги, договор за дело и трошоци за ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања, трошоци за стручна литература, весници, списанија,други правни и советодавни услуги.

По основ **останатии расходи од работењето,** во анализираниот период се остварени трошоци во вкупен износ од **2.273 денари**, што е што е реализација од 0,69 % од финансискиот план за 2020 година. Истите, се однсуваат на трошоци за судски спорови,администативни и судски такси.

**Финансиските расходи** во анализираниот период, се остварени во вкупен износ од **1.759 денари**, што е реализација од 5,02 % од финансискиот план за 2020 година. Истите, се однсуваат на трошоци за камати од работењето.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА ВО ПЕРИОД ОД 01.10-31.12.2020 ГОДИНА

| Сметка | Финансиски план 2020 г. (ревидиран) | Реализација 07-12/2020 | Индекс 3/2*100 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **40 ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ,ЕНЕРГИЈА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР** | **49.524.500** | **13.875.756** | **28,02** |
| 401-ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ | 2.374.500 | 343.269 | 14.45 |
| 403- ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА | 34.650.000 | 13.266.545 | 38.29 |
| 405-ТРОШОЦИ ЗА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И МАТЕРИЈАЛИ | 10.600.000 | 117.883 | 1.11 |
| 408- ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР И АВТО ГУМИ | 1.900.000 | 148.059 | 7.79 |
| **41 ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ ОД ТЕКОВНИ ПОТРЕБИ** | **6.580.000** | **5.491.712** | **83.46** |
| 410-ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 1.830.000 | 46.020 | 2.51 |
| 411-ПОШТЕНСКИ ТЕЛЕФОНСКИ И ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ | 1.460.000 | 380.547 | 26.06 |
| 412-НАДВОРЕШНИ УСЛУГИ | 225.000 | - | - |
| 413-УСЛУГИ ЗА ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ | 12.880.000 | 3.366.419 | 26,13 |
| 414-НАЕМ-ЛИЗИНГ | 2.600.000 | 1.315.289 | 50,59 |
| 415-КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1.720.000 | 305.524 | 17,76 |
| 419-ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 790.000 | 77.813 | 9,80 |
| **42-ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | **82.937.000** | **31.915.240** | **38,63** |
| 421-ПЛАТА И НАДОМЕСТ НА ПЛАТА-БРУТО | 82.437.000 | 31.846.568 | 38,63 |
| 422-ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | - | 68.672 | - |
| **43-ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | **42.661.000** | **22.787.359** | **53,41** |
| 432-ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 42.661.000 | 22.787.359 | 53,41 |
| **44-ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **31.119.900** | **14.006.520** | **45,01** |
| 440-ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА НОЌЕВАЊЕ И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 2.640.000 | 188.279 | 7,13 |
| 441- НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ И ПОДАРОЦИ | 200.000 | - | - |
| 442- ТРОШОЦИ ЗА НАДОМЕСТ И ДРУГИ ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР | 672.400 | 573.326 | 85,27 |
| 444- ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 510.000 | 118.042 | 23,14 |
| 445-ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 3.900.000 | 63.538 | 1,63 |
| 446-БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 85.000 | 56.552 | 66,53 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 447-ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ ЧЛАНАРИНИ И ДР.ДАВАЧКИ | 1.280.000 | 188.226 | 14,70 |
| 449 - ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 21.832.500 | 12.818.557 | 58,71 |
| **45-ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **1,020.000** | **-** | **-** |
| **46 -ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | **330.000** | **2.273** | **0,69** |
| 469-ОСТАНАТИ РАСХОДИ НА РАБОТЕЊЕТО | 330.000 | 2.273 | 0,69 |
| **47 ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **35.000** | **1.759** | **5,02** |
| 474-РАСХОДИ ВРЗ ОСНОВА НА КАМАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО СО НЕПОВРЗАНИ ДРУШТВА | 15.000 | 1.759 | 5,02 |
| 475-РАСХОДИ ВРЗ ОСНОВА НА НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ | 20.000 | - | - |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ И РАСХОДИ** | **229.313.000** | **88.080.619** | **38,41** |

## III. НЕМАТЕРЈАЛНИ И МАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА

Состојбата и промените на ревалоризираната набавна вредност на нематерјалните и матерјалните средства и нивната исправка на вредност на ден 31.12.2020 година се прикажани во следнава табела:

| **Група/сметка** | **Состојба 31.12.2020** |
|---|---|
| **НЕМАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА** | - |
| 003 Софтвер и останати права | 19.039.729 |
| 009 Акумулирана амортизација на нематерјални средства | -19.039.729 |
| **МАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА** | 529.432.408 |
| 010 Земјиште | 218.891.094 |
| 011 Градежни објекти | 272.810.062 |
| 012 Постројки и опрема | 1.218.085.259 |
| 013 Алат,погонски и канцелариски матерјал,мебел и транспортни средства | 131.804.409 |
| 019 Акумулирана амортизација на -матерјални средства | -1.312.158.416 |
| **Вкупно нематерјални и матерјални средства** | **529.432.408** |

## IV.СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат депозитите на сметките (денарски и девизни ) и готовината во благајна. Состојбата на паричните средства и парични еквиваленти е прикажана во следнава табела:

| Сметка | Состојба 31.12.2020 |
|---|---|
| 100-Парични средства на трансакциски сметки | 94.553.226 |
| 102-Парични средства на благајна | 85.727 |
| 103-Девизни сметки | 424 |
| 108-Други парични средства-преодна сметка | 75.594 |
| **Вкупно парични средства и парични еквиваленти** | **94.714.970** |

## VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА

**РЕКАПИТУЛАР**

| Сметка | Состојба 31.12.2020 |
|---|---|
| 120-Побарувања од купувачи во земјата | 438.930.784 |
| 122-Дадени аванси во земјата | 10.720 |
| 125-Побарувања од казнени камати | 239.200 |
| 126-Сомнителни и спорни побарувања | 53.778.964 |
| 129- Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи | -482.975.594 |
| 133-Побарувања за повеќе платен данок од добивка | 9.882.431 |
| 143-Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 33.084 |
| 145-Останати побарувања од вработените | 208.808 |
| 149-Вредносно усогласување на побарувања на поврзани субјекти | - |
| 151-Заеми на поврзани субјекти | 145.205 |
| 152 Побарувања врз основа на цесија,асигнација и превземање на долг | 70.000.000 |
| 191-Однапред платени зависни трошоци за набавка | 1.322.876 |
| 194-Платени зависни трошоци за набавка | 4.121 |
| 198-Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | 20.928 |
| **Вкупно побарувања :** | **91.601.527** |

## VII. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА

### РЕКАПИТУЛАР

| Сметка | Состојба 31.12.2020 |
|---|---|
| 221-Обврски кон добавувачите во земјата | 10.213.026 |
| 221-Обврски кон добавувачите во странство | - |
| 222-Обврски за примени аванси од купувачи | 236.932 |
| 230-Обврски за данок на додадена вредност | 1.335.680 |
| 234-Обврски за даноци за плати и надоместоци на плата | 15.628 |
| 2355 -Обврски за персонален доход | 7.148 |
| 237-Данок за непризнаени расходи и помалку платени приходи | 30.047.302 |
| 240-Обврски за плати и надоместоци на плата | 327.733 |
| 241- Обврски за надоместоци на вработените | 64.979 |
| 242- Останати обврски на вработените | 167.394 |
| 249- Останати обврски на вработените | 262.174 |
| 250-Обврски спрема осигурителни друштва | 6.702 |
| 251- Обврски за надомест на УО и НО | 13.327 |
| 252 –Обврски спрема вршители на дејност | 3.973 |
| 253- Обврски за наемнини | 197.372 |
| 262-Краткорочни крдити и заеми | -302 |
| 279-Долгорочни резервирања | 1.061.248 |
| 283- Долгорочни обврски спрема добавувачи во странство | 4.775.246 |
| 286- Долгорочни обврски врз основа на крдити и заеми од странство | 10.000.000 |
| 290-Однапред пресметани трошоци | -416.594 |
| 294-Одложено признавање на приходи од државна подршка | 26.780.800 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **85.099.770** |

## VIII.ЗАЛИХИ

### РЕКАПИТУЛАР

| Сметка | Состојба 31.12.2020 |
|---|---|
| 310- Суровини и материјали на залиха | 50.748.852 |
| 320 -Залиха на резервни делови | 897.336 |
| 350- Ситен инвентар на залиха | 10.365.648 |
| 351- Ситен инвентар во употреба | 7.027.070 |
| 357- Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар | -7.117.000 |
| **Вкупно залихи на суровини,матерјали, резервни делови и ситен инвентар** | **61.921.909** |

## IX. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП НРД-СКОПЈЕ СО 31.12.2020 ГОДИНА

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос, со состојба на 31.12.2020 година изнесува 120 лица. На 30.06.2020 година, бројот на вработени изнесувал 120 лица.

Подготвил : Весна Коцевска, дипл.ек.

**Управен одбор**
**ЈП Национална радиодифузија**
**Претседател,**